Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5,1000 Скопје| тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА КОНСТАТИРАНА СОСТОЈБА ПО ПРЕДМЕТОТ НА А.С.С. ТСЖ

Судскиот совет на 494-тата седница одржана на 05.08.2024 година согласно со член 43 став 1 алинеја 4 од Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија (Сл. Весник на РСМ 102/19), донесе заклучок со кој се формираше работна група за констатирање на состојбата по предметот ТСЖ.бр., а во врска со известувањето на претседателот на А.С.С. Су.бр. од 24.07.2024 година.

Работната група во состав од членовите судија м-р.А.Д., координатор за следење на работата на А.С.С., судија И.Л. и м-р.Т.Ч.И. на 09.08.2024 година во просториите на А.С.С. разговараше за сите околности во врска со донесувањето на пресудата по предметот ТСЖ од 04.07.2024 година со претседателот на судот м-р М.Д.Г. и судијата Р.Г. Судиите м-р Н.С.Д. како и судијата Ј.А.Б. беа на годишен одмор.

На 12.08.2024 година комисијата во просториите на Судскиот совет разговараше со судијата Ј.А.Б.

Како членот на комисијата Т.Ч.И. од 13.08.2024 година замина на годишен одмор со нејзина согласност другите два члена извршија разговор со судијата Н.С.Д. во просториите на А.С.С. на 19.08.2024 година.

При посетатата на А.С.С. на 09.08.2024 година на работната група и беше дадена фотокопија од списите на предметот ТСЖ, листа на предмети кои ги има во работа судијата Н.С.Д., копија од креираните документи во АКМИС системот за предметот ТСЖ, принт од движењето на предметот во АКМИС системот, принт од АКМИС системот за "претреси" и попис на списите. Со списите на предметот ТСЖ на работното тело му беа доставени и прилози и тоа вонсудска спогодба склучена помеѓу Д.К.У М.О.Л. ДООЕЛ Скопје и М.Т.

АД С. со назнака “доверливо“ заведена во М.Т. АД за е.к. С. под бр., која не е изведена како доказ во текот на постапката и не е јасно зошто е во списите на предметот, фотокопија од првата страна од указот за прогласување на Законот за Ратификација на спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и европските заедници и нејзините земји членки од 12.04.2021 година и пресуда на О.С.С 2 С. ТС од 07.02.2013 година која истотака не е изведена како доказ во текот на постапката. Во спсите на предметот има и фотокопија од Директивата 2014/104 од 26.12.2014 година на Европскиот парламент и совет. На работното тело му беше дадена и копија од Годишниот распоред за работа на на судските совети на А.С.С. Су. од 28.12.2023 година.

На 17.07.2024 година до Судскиот совет доставена е претставка-барање за утврдување на одговорност на судија од страна на полномошникот на тужениот А.Д. П. и П. заведен во советот под УПП... Претставката е заведена кај членот на советот судија А.Д.

Постапувајќи по претставката членот на советот соогледдека во истата се спомената и судиите Ј.А.Б., Р.Г. и П.Т., претставката е доставена на произнесување до сите споменати судии.

Од тужителот на 24.07.2024 година до советот доставено е дополнување на наведената претставка. На 14.08.2024 година од страна на В. на РСМ до советот е доставена информација  која тужителот ја доставил до В. на РСМ на 25.07.2024 година. Со оглед дека како прилог кон информацијата е доставена претставката од 17.07.2024 и дополнувањето од 24.07.2024 година овие доплнителнители списи се доставени на произнесување до судијата Н.С.

По превземање на сите погоре наведени дејствија и по извршениот увид во погоре наведените списи кои и беа дадени на работната група при посетата на А.С.С. на 09.08.2024 година. како и во известувањето на претседателот на А.С.С.Су. од 24.07.2024 година, со известување од судијата Ј.А.Б. од 17.07.2024 година заведено во А.С.С. под Су. од 18.07.2024 година, известување од истиот судија од 18.07.2024 година зведено под Су-03-236/24 од 18.07.2024 година Су. од 23.07.2024 година, известување од претседателот на А.С.С.од 10.06.2024 година, од  07.06.2024 година, извештај за привремена спреченост за работа за претседателот на А.С.С. од 06.06.2024 година, известување до претседателот на А.С.С.од судијата Ј.А.Б. заведено по Су. од 25.07.2024 година, од судијата Р.Г. Су. од 29.07.2024 година, од судијата Н.С.Д. Су., барање за приоритетно решавање на предметот ТСЖ.бр. поднесено од полномошникот на тужителот адвокат З.Г. од Штип, известување по барањето од претседателот на А.С.С. УПП. од 07.12.2023 година, решение за изземање Су.бр. од 05.06.2024 година од Заменикот претседател на А.С.С., списите на предметот оформен по претставката поднесена од М.Т. АД Скопје против судијата Н.С.Д. за постапување по

предметот ТСЖ, заведен во советот под УПП, списте на предметот ТСЖ  па ја утврди следна состојба:

По тужба на тужителот Ф. ДОО Ш. против тужениот М.Т. АД Скопје за електронски комуникации Скопје за надомест на штета вредност на спорот 120.000.000,00 денари пред О.Г.С. била зведена тужба под ТС. Постапката била прекината со решение на судот заради дополнување на решението од Комисијата за заштита од конкуренција, како и заради поведен управен спор од страна на тужениот.

Прекинатата постапка е продолжена со решение на судот од 07.11.2014 година и предметот е заведен под ТС.

О.Г.С. на 14.10.2023 година донел пресуда ТС, со која прецизираното тужбено барање на тужителот за надомест на штета по основ изгубена добивка во износ од 241.502.861,00 денари и тоа за период од 18.12.2002 година, за 2003, 2004, 2005, 2006, 2007 заклучно со 15.03.2008 година со износи за секоја година поединечно, со камата го одбил како неосновано.

Тужителот против пресудата изјавил жалба. Предметот е доставен до А.С. на одлучување на 04.08.2023 година, со изјавената жалба и одговор на жалба при што е оформен предметот ТСЖ.

На 28.11.2023 година полномошникот на тужителот, адвокат З.Г. од Ш. до претседателот на А.С.С. поднел барање да се дозволи приоритетно решавање по изјавената жалба. По ова барање претседателот на судот, со известување УПП од 07.12.2023 година го известила подносителот дека барањето  се одбива.

Согласно со  годишниот распоред за работа на судските совети на А.С.С. за 2024 година утврдено е дека: Граѓанскиот оддел ќе функционира со 3-три “ГЖ’ совети, 2-два “ТСЖ“ совети чии членови ќе постапуваат по предметите од уписник “ТСЖ“ во следниот состав: I м-р М.Д.Г.-претседател, м-р Н.С.Д.-член и П.Т.-член.

II Ј.А.Б. -претседател, Р.Г.–член.

Во ТСЖ советот со кој претседава судијата Ј.А.Б. како втор член ќе постапува судијата Н.С.Д. и судијата П.Т., наизменично менувајќи се на две недели, почнувајќи од судијата П.Т.. Претседателите на “ТСЖ“ советите, ќе се заменуваат на следниот начин:

Отсутен претсдател на совет м-р М.Д.Г., заменува претседател на совет Ј.АВ. Отсутен претсдател на совет  Ј.А.Б. заменува претседател на совет м-р М.Д.Г.

По кажување на сите суди со кој се изврши разговор кога предметот еднаш ќе се изнесе за реферирање пред еден претседател на совет истиот се завршува со тој претседател на советот.

На 05.06.2024 година предметот е изнесен за реферирање од страна на известителот судија Н.С.Д. во совет со кој претседавала судијата Ј.А.Б. Судијата М.Д.Г. која е претседател на советот во кој судија известител е судијата Н.С.Д. била на боледување до 06.06.2024 година. На 05.06.2024 година само е констатирано дека судијата П.Т. поднела барање за изземање од постапување по конкретниот предмет.

Заменикот претседател на судот на 05.06.2024 година донел решение Су-ИЗЗ-162/24 со кое ја иземал судијата П.Т. од постапување по предметот од причина што нејзиниот зет за ќерка Филип Муратовски бил вработен во А.Д. Ч. и М. кои биле полномошници на тужителот во текот на управниот спор кој се водел помеѓу странките.

На 04.07.2024 година судијата известител Н.С.Д. го реферирала предметот пред советот со кој претседавала судијата Ј.А.Б. и како втор член судијата Р.Г.

Во АКМИС системот е сочинет записник дека едногласно е донесена одлука со која делумно се уважува жалбата на тужителот Ф. ДОО Скопје и во делот на одбиеното тужбено барање да се задолжи тужениот да му плати на тужителот на име загубена добивка за 2007 износ од 87.127.571,00 денари со законска затезна камата и за 2008 година од 01.01.2008 година заклучно со 15.03.2008 година износ од 18.337.362,00 денари со законска затезна камата, пресудата ТС.бр. од 14.10.2014 година се потврдува. Во останатиот дел првостепената пресуда со која е одбиено тужбеното барање е преиначена и делумно е усвоено тужбеното барање за изгубена добивка за период од 18.12.2002 година до 31.12.2002 година износ од 172.775,00 денари, за 2003 година износ од 14.062.326,00 денари, за 2004 година износ од 19.092.145,00 денари, за 2005 година износ од 40.600.958,00 денари и за 2006 година износ од 62.109.754,00 денари со законска казнена камата сметано од денот на вештачењето 14.02.2018 година до конечната исплата во висина на референтната стапка на НБРСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие до 02.04.2020 година зголемена за 8% поени, сметано од 03.04.2020 година до 30.06.2020 година зголемена за 5% поени, а сметано од 01.07.2020 година до исплатата за 8 % поени, во рок од 8 дена по приемот на пресудат.

Поголемото тужбено барање на тужителот за исплата на камата на секој годишен износ во утужениот период до 13.02.2018 година и за разликата од бараната стапка на казнена камата на досудениот износ сметано на секој годишен износ во утужениот период, во висина на референтната стапка на НБРСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието

што му претходело на тековното полугодие зголемена за 10% поени се одбива како неосновано.

Судијата Ј.А.Б. на 18.07.2024 година доставила известување до претседателот на А.С. заведено под Су-бр. со кое известување го известува претседателот дека на 11.07.2024 година после 13:00 часот, пред завршување на судењето во совет со судиите Р.Г. и П.Т., во нејзината канцеларија влегла судијата Наташа Савовска Димитровска со барање да потпише одлука и записник кон истата со цел во текот на денот да се постапи по предметот.

Откако ја потпишала одлуката и записникот видела дека се работи за предмет за кој според обемот и специфичноста потребно е да и се остави за читање. Ја замолила судијата Н.С.Д. да и го остави предметот краток временски период доплнително да ги разгледа списите и да ги прочита.

По разгледување на списите ја повикала судијата и и кажала дека не се согласува со одлуката и дека бара да се сочини нов записник бидејќи нејзиното гласење ќе биде првостепената одлука да се потврди. Заедно тргнале на кај нејзината канцеларија и изготвиле нов записник. Пред членовите на работната група судијата доплни дека покрај неа записникот го потпишала и судијата Н.С.Д.

Записникот со едногласната одлука сочинет на 04.07.2024 година и новиот записник со издвоеното мислење на судијата Ј.А.Б., заедно со целиот предмет оформен пред А.С.С., останале кај судијата Н.С.Д. Судијата Ј.А.Б.пред работната група изјави дека сега се кае што не го скинала прво изготвениот записник.

Тој дена судијата Р.Г. веќе била замината од работното место, но судијата Н.С.Д. ја известила судијата Ј.А.Б. дека одлуката на судијата Р.Г. останува непроменета.

Следниот ден ги повикала членовите на советот и стручниот соработник. Додека чекала членовите да дојдат почнала на стручниот соработник да му го диктира нејзиното издвоено мислење со цел да го внесе во уписникот.

Кога влегле членовите настанала “неубава атмосвера“, како што наведе судијата Ј.А.Б., одосно почнеле да се расправаат, па истата му кажала на стручниот соработник да излезе од канцеларијата. Во наредните денови продолжиле нивните состаноци со многу недоразбирања и убедувања кој е во право, а кој не, а на кои за жал била присутна и претседателката како што пишува во известувањето од судијата Ј.А.Б. Понатаму во известувањето стои дека е напишано се со цел да се надминат нивните тродневни несогласувања во одделот и сл.

Пред работната група судијата Ј.А.Б. уште еднаш категорично изјави дека сочиниле нов записник, но наведе дека при реферирањето на предметот таа воопшто не се произнела како ќе гласа, дека за одлуката гласале само судијата известител и судијата Р.Г., дека списите на првостепениот предмет не биле донесени на реферирањето на предметот на 04.07.2024 година и дека сем списите од предметот ТСЖ истата не видела и други списи, односно списите од првостепениот суд ТС.бр. Дополни дека истата барала да го издвои своето мислење заради приговорот за застареност на побарувањето. Наведе дека кога го потпишала записникот и пресудата истата мислела дека се работи за друг вид на предмети кои се поедноставни. Само што потпишала веднаш реагирала дека не се работи за таков вид на предмет дека има приговор на застареност и затоа побарала да биде променет записникот, со нејзино издвоено мислење со кое гласа за потврдување на првостепента пресуда. Наведе дека не е невообочаено предметот да се пререферира ако нешто е спорно. Дури изјави чудење како толку сложен предмет бил напишан за толку кус временски период и тоа од стручниот соработник кој воопшто не била распоредена да работи со нивниот совет.

Истакна дека на 12.07.2024 година судијат Н.С.Д. дошла кај нејзе во канцеларија и и се извинила, на кое нешто била присутна и судијата П.Т. и и кажала дека предметот го предала во писарница. Воедно изјави дека истата сакала да го види предметот, но од писарницата и било кажано дека судскиот администратор и претседателот на судот забраниле да и го дадат предметот.

Во известувањето упатено до претседателот на судот, заведено под Су.бр. од 18.07.2024 година, судијата Ј.А.Б. наведува дека по договореното на вчерашниот состанок, што значи на 17.08.2024 година го побарала предметот од О.С.С 2 С., како што стои во истото и истиот и бил донесен во канцеларија при што констатирала дека по предметот не е постапено, односно второстепената одлука не им е доставена на странките. Заради расчистување на последните недоразбирања, барала што поитно да се соберат на заеднички состанок за да се разгледаат сите спорни прашања. Навела дека заради настанатата ситуација записникот за советување и гласање и останал не внесен во електронското досие.

Во списите на предметот ТСЖ.бр. има писмо од 17.08.2024 година заведно под Су.бр. со кое судијата Ј.А.Б. ги побарала списите по предметот ТС-бр., како што пишува во истото, од О.С.С 2 С.

На 23.07.2024 година судијата Ј.А.Б. доставила ново известување до претседателот на судот заведено под Су.бр., со кое го известува претседателот дека предметот го вратила од О.С.С 2 С., дека папката со списите од предметот оформен пред А.С.С. се наоѓа кај судијата известител по кажување на службеникот. Судијата известител одбива да го даде предметот на разгледување, па истата нема увид дали новиот или првичниот записник е припоен кон одлуката. Напоменува дека записникот со нејзиното издвоено мислење и изготвен, испринтан и потпишан на 11.07.2024 година во

канцеларијата на судијата известител. Бара уште еднаш заради расчистување на недоразбирањата што поитно да се соберат на зеднички состанок за да констатираат кој записник е припоен кон второстепената одлука. Уште еднаш напоменува дека новиот записник не е внесен во елктронското досие од наведените причини.

После сето погоре наведено следи известувањето од претседателот на А.С.С. судија М.Д.Г. Су-03-бр. со кое го известува советот за настанатата ситуација. Во истото се дава текот на настаните со тоа што се наведува дека судијата Ј.А.Б. со дописот Су-03-236/24 од 18.07.2024 година се обратила до неа, па дека на 22.07.2024 година била организирана работна средба на која биле повикани судијата Ј.А.Б., судијата известител Н.С.Д., судијата Р.Г., член на советот, с.а. М.Ј. и раководителот на одделението за информатика Н.О.Ж. Секој од страните останал на своето тврдење, односно судијата Ј.А.Б. дека изготвен уште еден записник со нејзино издвоено мислење, судијата Н.С.Д. дека постои само еден записник за едногласно донесена одлука.

Понатаму стои дека претедателот дал задолжение да се проверат податоците од електронското досие при што видно од електронското досие предметот бил изнесен за реферирање на 05.06.2024 година пред советот во состав: Судија Ј.А.Б.-претседател на советот, судија Н.С.Д., член-известител по предметот и судија П.Т., член на советот. Во досието на предметот е евидентирано барање од судија П.Т. за нејзино изземање од постапување по предметот, поради што е одложено реферирањето по предметот, а до одлучување по барањето за изземање. Со решение Су-ИЗЗ-бр. од 05.06.2024 година судијата П.Т. е изземена од постапување.

Во електронското досие на предметот ТСЖ.бр. постои запис дека истиот е изнесен за реферирање на ден 04.07.2024 година пред совет во состав од судија Ј.А.Б.-претседател на советот, судија Н.С.Д., член-известител по предметот и судија Р.Г., член на советот на кое рочиште е донесена одлука и постои записник за советување и гласање.

Изготвената одлука е верифицирана на ден 11.07.2024 година, по што предметот е придвижен кон судската писарница и истиот е експедиран на 15.07.2024 година.

Претседателот на советот во погоре наведеното известување наведува дека во врска со искажаните сомнежи за постоење на втор записник за советување и гласање наведува дека во електронското досие постои само еден изворник за записник за советување и гласање, во чија содржина неможе да навлегува бидејќи нема  такви овластувања.

Во известието стои и дека списите по предметот ТС.бр. на О.Г.С., вклучително со второстепената одлука ТСЖ-бр. од 04.07.2024 година, на ден 23.07.2024 година се доставени до првостепениот суд на нивно понатамошно постапување.

Во истото известување претседателот на судот го известува Судскиот совет за неговото постапување во врска со барањето на тужителот за приоритено постапување во конкретниот предмет и го исвестува Судскиот совет за нејзиното отсуство од работа во период од 29.05.2024 до 06.06.2024 година поради боледување и во период од 24.06.2024 година до 28.06.2024 година поради користење на годишен одмор за 2023 година.

При посетата на работната група на А.С.С. на 09.08.2024 година претседателот на судот остана на она што е наведено во погоре наведеното известување.

Судијата Р.Г. наведе дека записникот за советување и гласање со едногласната одлука онаква каква што е донесена е потпишана од претседателот на советот судија Ј.А.Б. на 11.07.2024 година и дека истата не била на работа од  следниот ден до понеделникот, односно од 12.07.2024 до 15.07.2024 година и дека не и се познати случувањата помеѓу судијата Ј.А.Б. и судијата Н.С.Д., но наведе дека одлуката е донесена и неможе да се промени.

При оваа посета беше поставено прашање на раководителот на на одделението за информатика Н.О.Ж. за тоа што може да се види по однос на креираните документи на компјутерот на судијата Н.С.Д. и истата наведе дека тоа што е креирано како документ се гледа за што работната група доби и испринтан доказ као што е и во известувањето на претедателот на судот, но за тоа дали е креиран некаков докумен во WORD односно надвор од АКМИС системот неможе да каже, затоа што тоа е компјутер на судијата.

На 19.08.2024 година членовите на работната група судија А.Д. и судија И.Л., а во договор со членот Т.Ч.И. која замина на годишен одмор, во просториите на А.С.С. обавија разговор и со судијата Н.С.Д.

Истата го потврди текот на постапката како и судијата Ј.А.Б. до моментот на реферирање на предметот на 04.07.2024 година. Наведе дека првостепениот предмет од моментот на одлучување по изземањето бил кај двајцата судии Ј.А.Б. и Р.Г. за да истите го проучат. На 04.07.2024 година одлуката била едногласно донесена. Наведе дека прв пат судијата Ј.А.Б. реагирала во врска со одлуката на 17.07.2024 година кога веќе одлуката била експедирана во Основниот граѓански суд на 15.07.2024 година. Во целост го оспори тврдењето на судијата Ј.А.Б. дека во нејзината канцеларија се сочинувал нов запсиник, но откако судијат Ј.А.Б. и кажала дека се предомислила за одлуката и рекла ако сака нека си направи службена белешка затоа што веќе постои записник. На прашање на членовите на работната група дали може да дојде лице информатичар вработен во судот и да изврши проверка во компјутерот,  истата изјави дека нема никаков проблем тоа да се направи и дека тоа веќе било направено од страна на Н.О.Ж. Како истата беше на одмор во канцеларијата на судијата каде и се водеше разговорот пристапи лицето Н.Б. од одделот за информатика, кој  потврди

дека постои само еден записник од 04.07.2024 година, а на прашање доколку е креиран документ во WORD и подоцна избришан дали истиот може да се пронајде неможеше да ни даде одговор. Судијата беше децидна дека никогаш не креирала било каков записник во WORD и дека ниту за овој предемет ниту било кога изгитвила документ во  WORD на компјутерот на кој работи.

Во папката со списите на предметот ТСЖ.бр. е споена  вонсудска спогодба склучена помеѓу Друштво за компјутерски услуги М.О.Л. ДООЕЛ Скопје и М.Т. АД Скопје со назнака “доверливо“ заведена во М.Т. АД за е.к. Скопје под бр., која не е изведена како доказ во текот на постапката.

**ЗАКЛУЧОК:** Во конкретниот случај постојат неколку отворени прашања и различни изјави на судиите за суштински прашања и тоа:

1.Предметот согласно годишниот распоред требало да биде рефереиран во советот со кој претседава судијата М.Д.Г. Предметот е реферирaн на 05.06.2024 година, а судијата М.Д.Г. била на боледување до 06.06.2024 година.

2.Судиите Ј.А.Б. и судијата Н.С.Д. даваат различни изјави во врска со тоа како гласала судија Ј.А.Б. на 04.07.2024 година, односно дали истата не се произнела како што тврди таа или гласала за одлуката така како што е донесена.

3.Кога за прв пат судијата Ј.А.Б.кажала дека го менува своето мислење, дали при потпишување на записникот на 11.07.2024 година или на 17.07.2017 година.

4.Дали е креиран записник на 11.07.2024 година во канцеларијата на судијата Н.С.Д. од страна на истиот судија, со издвоено мислење на судијата Ј.А.Б. да се потврди првостепената пресуда.

5. Не е јасно зошто во папката со списите на предметот ТСЖ.бр. е споена  вонсудска спогодба склучена помеѓу Друштво за К.У. М.О.Л. ДООЕЛ Скопје и М.Т. АД Скопје со назнака “доверливо“ заведена во М.Т. АД за за е.к. Скопје под бр., која не е изведена како доказ во текот на постапката. Ова од причина што се работи за доверлив документ кој не е изведен во текот на постапката како доказ, Комисија заради заштита на тајноста на податоците истиот го затвори во посебен плик.

6.Имајќи го во опредвид сите погоре наведени прашања и фактот дека за да се даде одговор на некои од истите е потребна детална истрага која е надвор од ингеренциите на Судскиот совет, работната група смета дека овој извештај треба да биде проследен до ОЈО С.

**Работна група:**

**1.м-р А.Д. – член на Судскиот совет на РСМ**

**2.И.Л.-член на Судскиот совет на РСМ**

**3. м-р.Т.Ч.И.-член на Судскиот совет на РСМ**